**20140040070**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 11 став (7), член 12 став (3), член 13 став (7) и член 19 став (4) од Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ПЧЕЛИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува:

1) содржината и начинот на водење на Електронска база на податоци, податоците кои одгледувачот треба да ги достави до Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата) како и начинот на известување до Електронската база на податоци; 2) изгледот и податоците кои ги содржи средството за идентификација за одгледувалиштата за пчели;

3) формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на одгледувалишта за пчели, начинот, содржината и зачестеноста на правење на попис на пчеларникот како и начинот на пријавување до Агенцијата и

4) начинот и постапката за идентификација и регистрација на пчеларник.

Член 2

Електронската база на податоци, покрај податоците од Прилог 1 од Правилникот за начинот на регистрација, формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на одгледувалишта, формата и содржината на картата за идентификација на одгледувалиштето, начинот на пријавување и евидентирање на промените на одгледувалиштето и одгледувачот како и видовите на други животни(„Службен весник на Република Македонија" бр. 24/13) треба да ги содржи и следните податоци:

1) податоци од извршениот попис на одгледувалиштето од член 5 став (6) од овој правилник, кои одгледувачот ги доставува до овластеното ветеринарно друштво со образецот пропишан во член 5 став (7) од овој правилник и

2) дополнителни податоци во однос на здравствената состојба на пчелите, мерки за ограничување на движењето и други релевантни податоци во однос на пчеларникот.

Член 3

(1) На регистрираните пчеларници овластеното ветеринарно друштво му издава идентификациска табла за одгледувалиште на пчели (во понатамошниот текст: идентификациска табла).

(2) Идентификациската табла од став (1) на овој член се изготвува во А5 формат на пластичен материјал во жолта боја и истата е дадена во Прилог 1 кој е составен дел од овој правилник.

(3) Одгледувачот на пчели идентификациската табла треба да ја постави на видливо место на пчеларникот.

(4) Доколку идентификациската табла е нечитлива, оштетена или изгубена, одгледувачот треба да ја замени со нова табла.

(5) На заменетата идентификациска табла од став (4) на овој член треба да се наведат истите податоци од оригиналната идентификациска табла.

(6) Трошоците за замената на идентификациската табла се на товар на одгледувачот на пчели.

Член 4

(1) Регистарот на одгледувалиште на пчели (во понатамошниот текст: Регистарот) се води рачно од страна на одгледувачот, на образец во А4 формат, а по исклучок може да се води и електронски во формат кој е претходно одобрен од страна на Агенцијата.

(2) Формата и содржината на Регистарот од став (1) на овој член е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Веродостојноста на податоците содржани во Регистарот ги потврдува одгледувачот со ставање на потпис на образецот.

(4) Секоја промена во врска со одгледувалиштето, одгледувачот, пчелните семејства и нивните движења, одгледувачот треба да ги внесе во Регистарот веднаш по настанувањето на промената.

(5) Секоја година на 1-ви април одгледувачот на пчели треба да изврши попис на пчелните семејства на своето одгледувалиште.

(6) Податоците од пописот на одгледувалиштето се впишуваат во образецот за спроведување на попис на пчелните семејства во одгледувалиште (во понатамошниот текст: образецот) во А5 формат на бела хартија.

(7) Формата и содржината на образецот од став (6) од овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник. Образецот се состои од две копии од кои една за овластеното ветеринарното друштво и една за одгледувачот. Копијата за одгледувачот претставува составен дел на Регистерот и треба да се чува најмалку три години од денот на извршување на пописот.

(8) Веродостојноста на податоците од став (7) од овој член ги потврдува одгледувачот со ставање на потпис на образецот.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за идентификација и регистрација на пчелите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/12).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број. 02-5767/5
27 декември 2013 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
**Дејан Рунтевски**, с.р.

Прилог 1

Идентификациска табла за одгледувалиште на пчели

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

РБО: 123456789

Општина:

Прилог 2

# Регистар на одгледувалиште на пчели

I страна

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

**РЕГИСТАР ЗА ОДГЛЕДУВАЛИШТЕ**

| ПОДАТОЦИ ЗА ОДГЛЕДУВАЛИШТЕТО НА ПЧЕЛИ | |
|---|---|
| Регистарски број на одгледувалиште (РБО) | |
| Адреса на одгледувалиште | |
| Одгледувач | |
| Адреса на одгледувач | |
| Потпис на одгледувачот | |

**Податоци за здравствена состојба на одгледувалиштето**

| Вид на мерки | Датум | Статус на одгледувалиште |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**НАДЛЕЖНО ВЕТЕРИНАРНО ДРУШТВО**

| Датум на склучен договор | Назив | Потпис и печат |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

**ПОДАТОЦИ ОД ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**

| Датум на контрола | Име и презиме | Потпис | Печат и факсимил |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

# II страна

| **ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈНАТА СОСТОЈБА НА ПЧЕЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА ВО ОДГЛЕДУВАЛИШТЕТО** | | | | | | страна____ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Датум | Активност (Пристигнувања/Заминување /Попис/Угинати/Изроени) | Број на пчелни семејства при активноста | Локација (населено место) | Број на Сертификат за здравствена состојба/Образец за спроведување на попис | Вкупен број на пчелни семејства на одгледуваиште |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Прилог 3

Образец за спроведување на попис на пчелните семејства во одгледувалиште

| ОБРАЗЕЦ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИС НА ПЧЕЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА ВО ПЧЕЛАРНИК | |
|---|---|
| **ПОДАТОЦИ ЗА ОДГЛЕДУВАЛИШТЕТО НА ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА** | |
| Регистарски број на одгледувалиштето(РБО) | \|__\|__\|__\|__\|__\|__\|__\|__\|__\| |
| Име и презиме на одгледувачот на пчели | |
| Адреса на пчеларникот | |
| Потпис на одгледувачот на пчели | |
| **ПОДАТОЦИ ОД ПОПИСОТ** | |
| Број на пчелни семејства во пчеларникот | |
| Датум кога е извршен пописот | |
| **ПОДАТОЦИ ОД ОВЛАСТЕНОТО ВЕТЕРИНАРНО ДРУШТВО** | |
| Датум на доставување на образецот | |
| Примил | |
| Потпис | |
| Печат | |